## *БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ*

***Лазар Личеноски*** бил роден на 26 март 1901 година во Галичник. Потекнувал од угледно градителско семејство, од татко Филип и мајка Магда. Основно образование стекнал во родното место, Призрен и Тетово (1911), а гимназиско во Скопје и Тетово (1915). Во периодот 1915-1921 година живеел во Тетово каде работел како фирмописец а го изучувал и столарскот занает. Во периодот 1921-1927 година студирал во Белград, каде завршил Уметничко училиште – Наставнички оддел (1925), а потоа и Академски курс (1927). Во периодот 1927-1929 година бил на студиски престој во Париз, а по враќањето живеел во Белград до крајот на 1944 година. Во периодот 1945-1964 година живеел во Скопје, каде умрел на 10.04.1964 година.

Лазар Личеноски спаѓа во првата група современи македонски ликовни уметници. Заедно со Димитар Пандилов и со Никола Мартиноски го означува почетокот на современата ликовна уметност во Македонија. Значењето на неговите дела во македонската и пошироката ликовна уметност потврдено е од повеќе историчари и теоретичари на уметноста што може да се проследи низ приложената библиографија.

## *ЗА МОЗАИЦИТЕ*

Посетувајќи ја Школата за применета уметност во Париз, Личеноски, покрај фреско-сликарството ја научил и техниката на мозаик. Првите мозаици почнал да ги работи од чакал и кршен камен, кој сам го кршел за покасно да ангажира помошници кои му помагале околу кршењето на каменот. Каменчиња во различни бои Лазар и неговата сопруга Зое собирале секогаш кога оделе покрај река, на море или езеро. За своите мозаици Личеноски предходно правел идејна скица на картон, само во контури, врз која веднаш почнувал да ги реди камчињата. Мозаичната апликативна техника му одговарала на природата на Личеноски зошто слично како во маслата каде што практицира редење на бојата, тој овде спроведува постапка на редење односно нижење на каменчиња. Посебно интересен е неговиот афинитет кон природниот материјал-каменчиња односно чакал кого го обликувала природата, исто како што неговиот сакан македонски човек го обликувала работата. Оваа негова карактеристика критиката ја забележала уште во 1938 кога го изложува својот доста успешен мозаик ***„Мајка со дете”*** а потоа и на мозаикот ***„Галичанки”*** од 1939. Во 1940 година го работи мозаикот ***„Албанска голгота”*** во Југословенската Спомен-костурница на островот Видо во близина на Крф. По враќањето во Белград, со камчиња донесени од Крв, Лазар го направил мозаикот ***„Дрвар”,*** кој за жал е исчезнат. И во подоцнежниот период Личеноски создава мозаици од природни камчиња што неговите пријатели му ги носеле од разни краишта на светот. Така нивните пријатели Димитар Митрев со сопругата Љерка донеле каменчиња од нивното патување во Египет кои Личеноски ги вградил во делото ***„Берачка на лотос”.*** Во 1953 година, во село Крушје, кај Ресен, заедно со своите ученици го изведува големиот мозаик ***„Илинденско востание”,*** чиј цртеж по идеја на Личеноски, го изработил сликарот Родољуб Анастасов.

После војната Лазар се враќа во Македонија каде голем дел од своето време го посветува на мозаикот. Хронолошки тој е еден од првите уметници кои во тогашна

Југославија работеле фрески и мозаици и прв во Македонија. Во повоениот период од 1945 до 1950 година, на таванот во куќата на улица „Питу Гули", настанале неговите први скопски мозаици: ***„Жена со турбан", „Девојка од Галичник", „Поп Богумил", „Климент Охридски"*** и други.

Во периодот од 1950-1962 година на улицата Орце Николов, Личеноски работи многубројни мозаици со различни мотиви: ***„Мајсор саатчија", „Женски акт", „Девојка со гулаб", „Галичанка", „Везилка", „Автопортретот со жолт шал", мозаици со гулаби, диви патки фазани, риби, калинки, пејзажи и др.***

Во куќата и околу неа има доста декоративни мозаици: жардиниери, поплочена алеја со разновидни мотиви (флорални, зооморфни, апстрактни), како и базен-фонтана со фриз од риби, во дворот. Внатре во куќата, на скалите од холот кон горниот кат, на првиот подест, Личеноски изработил сликарска палета со неговите карактеристични бои, иницијали и годината на изградба на куќата, 1961.

На фасадата во лоџијата од своето ателје, Личеноски во 1962/3 година го изработил монументалниот ѕиден мозаик ***„Апотеоза на трудот".*** Основната порака на ова грандиозно дело е животното мото на Личеноски: **ЧЕСТИТ ТРУД НИЗ ВЕКОВИ СОЗДАДЕ КУЛТУРИ И ЦИВИЛИЗАЦИИ И ДОСТОИНСТВО НА ВИСТИНСКИ ЧОВЕК.** Неговата основна концепција – Трудот го изгради и облагороди човекот, се развива во фигурален непрекинат фриз од седум полиња. Во првото поле стоечкиот акт на риболовец ја претставува епохата на праисторијата кога човекот благодарение на својот труд се оттргна од дивјаштвото. Во второто поле е претставен каменорезец – градител на монументалните египетски пирамиди. Во третото поле е Орфеј со лирата, како симбил на грчко-римската класична епоха. Во четвртото поле е претставен монах како слика икона а во горниот дел средновековни цркви и манастири. Во петтото поле е претставена Ренесансата со мотивот Леда и лебедот. Во шестото поле – работник, почетокот на индустриализацијата и раѓањето на свеста на пролетеријатот со неговиот амблем – срп и чекан. Во седмото поле – 20 ти век, Жена, научник во лабораторија, развојот на науката и техниката и постигнување на рамноправност на шената во сите полиња на трудот.

Во катастрофалниот земјотрес во 1963 година внатрешноста на куќата била доста оштетена. Во тој општ хаос во кој настанала непроценлива штета биле испукани и искршени доста мозаици. Некои нивни посочувани фрагменти со калинки, цвеќе и птици, Личеноски ги составил и од нив направил една композиција која името го добила според датумот на земјотресот ***„26 јули 1963".***

По големата елементарна катастрофа, во руинираната куќа во која воопшто не можело да се живее, Личеноски продолжил да работи. Во еден агол од холот, тој поставил импровизирана маса и на неа работел мозаик. Тогаш тој изработил една поголема правоаголна плоча за маса за терасата на горниот кат. На неа се претставени два стилизирани фазани кои стојат на гранка. Но само што ја одлеал во цемент, не стигнал ни да ја исчисти, Личеноски починал. По подолго време, неговата сопруга викнала мајстор да го исчисти мозаикот од слојот цемент. Ова е неговото последно дело во мозаик.

Масата со мозаик на која се птретставени шаховски полиња, Личеноски ја направил за играње шах со своите пријатели а била поставена во холот на првиот кат од неговата куќа. Претставена е шаховска табла во црно-бел мозаик и стилизирани мотиви од риба на краевите од масата. Целата композиција е врамена во црна рамка од мозаик.

Еден од позначајните ѕидни мозаици е композицијата ***„Берачка на лотос".*** Најпрво бил изложен во Уметничкиот павиљон во Скопје, на изложбата на ДЛУМ во 1961 година,

за потоа да биде поставен  во тремот на влезот во неговата новоизградена куќа покрај Вардар. На езерското крајбрежје, газејќи во плитката вода на езерото девојката бере лотос. Свежината, звучноста и благородноста на боите на каменот, богатството на префинети тонови и мајсторската изведба ја прават оваа композиција најуспешно дело на Личеноски во областа на мозаикот. На левата страна, по цела висина мозаикот е поврзан со камениот ѕид со една вертикална орнаментална лента  на која  во мозаик се претставени флорални и зооморфни мотиви. Достоинственоста на фигурата, нејзината убавина, внатрешна стабилност и белиот икарнат, ни ги открива карактеристиките на византиските мозаици.